

Во просториите на Академијата за обуки на судии и јавни обвинители, Директорката Ирина Трајкоска Стрезоски и Претседателката на Комисијата за заштита на конкуренцијата, м-р Малинка Силјановска Николиќ, потпишаа Меморандум за соработка кој претставува значаен чекор во унапредување на институционалните партнерства.

Овој Меморандум овозможува размена на знаења и практики, зајакнување на соработката во областа на правото за заштита на конкуренцијата, државната помош и нефер трговските практики, како и активно вклучување на претставници од Комисијата во програмите за обука со домашни и меѓународни експерти.

Посебно значење имаат обуките што ќе се реализираат со домашни и меѓународни експерти, бидејќи тие претставуваат клучен инструмент за унапредување на експертизата и професионалниот развој на учесниците.

Како институција, остануваме посветени на транспарентност и отчетност, градејќи доверба и сигурност кај јавноста.